## УСТАВ
## НА ВНАТРЕШНАТА МАКЕДОНСКО-ОДРИНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

**(Преработен од Општиот конгрес во 1905 година)**

### Глава I

*Цел*

Член 1. – Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација има за цел да ги сплоти во единствена целина сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, заради извојување целосна политичка автономија на тие две области.

Член 2. – Организацијата се спротивставува на стремежите за освојување и делба на тие области од која и да било држава.

### Глава II

*Средства*

Член 3. – За постигање на таа цел Организацијата се бори за премавнување на шовинистичките пропаганди и национални караници кои го разединуваат и обессилуваат населението во неговата борба против заедничкиот непријател; дејствува за изградување на револуционерен дух и свест кај населението и ги применува сите средства и усилби за побрзото и благовремено вооружување на населението со сè што е неопходно за подигање на едно општо и посемесно востание. Таа се грижи за културното и економско издигнување на организираното население и ја помага неговата легална борба против турската власт.

## Глава III

*Состав и устројство*

Член 4. – Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација се состои од месни револуционерни организации, составени од членови на секое одделно населено место (село или град).

Член 5. – Член на В.М.О.Р. Организација може да биде секој којшто живее во Европска Турција, без разлика на пол, вера, народност и политичко убедување.

Член 6. – Секоја месна организација се дели на групи со по еден десетар на чело.

Член 7. – Секоја месна организација се раководи од својот местен комитет.

Комитетите се: селски, градски, реонски, околиски, окружни и еден централен.

Член 8. – Селските и градските комитети им се подредени на реонските; последниве, заедно со подредените – на околиските; овие – на окружните комитети, а целата Организација се раководи од Централниот комитет.

Член 9. – Пред надворешниот свет Организацијата ја претставува Претставничко тело.

Член 10. – За контролирање на финансиските работи како и на дејноста на комитетите се формираат контролни институции.

Член 11. – За разгледување на судски дела и спорови се формира посебна институција.

Член 12. – Раководните лица се изборни.

Член 13. – Паралелно со легалната дејност на Организацијата, постои и четнички институт составен од нелегални сили. Задачите и устројството на овој институт се определуваат од специјален правилник.

Член 14. – Околиските, окружните и Централниот комитет имаат соодветни печати.

Член 15. – Организацијата се служи со својата тајна пошта.

## Глава IV

### *Материјални средства на Организацијата*

Член 16. – Материјалните потреби на Организацијата се покриваат од:

а) редовни членски влогови (членарина),

б) доброволни помошти и налози,

в) помошти и подароци испратени за Организацијата од странство,

г) глоби, и

д) непредвидени приходи, добиени со силата на оружјето.

## Глава V

### *Казни*

Член 17. – Секој којшто ќе му нанесе штета на ослободителното дело се казнува согласно со Правилникот.

Член 18. – Врз основа на овој Устав е изработен подробен Правилник на Организацијата.

– Крај –

(Хр. Силянов, Освободителнитѣ борби
на Македония. Том II. София, 1943, с. 393–394)